Република Северна Македонија,
Национална установа ЗАВОД ЗА ЗАШТИТА НА СПОМЕНИЦИТЕ НА КУЛТУРАТА И МУЗЕЈ
Republika e Maqedonisë së Veriut
Institucioni Nacional ENTI I MUZEUT MBROJTJES SË MONUMENTEVE TË KULTURES DHE
Бр./Nr. 02-618/1
11.06.2021
Охрид, Ohër

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 од статутот на Национална Установа Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј-Охрид, Управниот одбор на својата втора седница одржана на ден 11.06.202 година, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за утврдување на работното време на подружниците на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Охрид;

Член 1

Се утврдува работното време на подружниците на НУ Завод за заштита на спомениците на културата и Музеј- Охрид, како и режим на зимско и летно работно време на подружниците : Музеј на вода-Градиште, Самуилова Тврдина, Куќата на Робевци, Галерија на Икони, Куќата на Христо Узунов.

Член 2

Се утврдува летно работно време во две смени на подружниците: Музеј на вода-Градиште, Самуилова Тврдина и Куќата на Робевци кое ќе трае од 09:00 часот до 20:00 часот, при што првата смена ќе трае од 09:00 часот до 15:30 часот, додека втрората смена ќе трае од 13:30 часот до 20:00 часот.

Се утврдува зимско работно време во една смена на подружниците: Музеј на вода-Градиште, Самуилова Тврдина и Куќата на Робевци кое ќе трае од 09:00 часот до 15:30 часот.

Член 3

Во подружницата Галерија на икони се утврдува летно работно време од 09:00 до 17:00 часот, а се утврдува зимско работно време од 09:00 часот до 14:00 часот.

Член 4

Се утврдува шест дневна работна недела во подружниците на НУ Завод и Музеј – Охрид, при што Понеделник се утврдува за неработен ден во истите.

Член 5

Оваа одлука влегува во сила на денот на донесувањето и ќе се објави на огласна табла на НУ Завод и Музеј-Охрид .

Доставено до:

- Претседателот и членовите на Управен одбор;
- Директорот;
- До сите подружници на НУ Завод и Музеј – Охрид.
- Сметководство;
- Правна служба;
- Архива;
- Огласна табла.

Претседател на УО,
Валентино Димитровски